# Службен весник на Република Македонија

**Број 64** **2 мај 2013, четврток** **година LXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1384. | **Указ** бр. 37 од Претседателот на Република Македонија..................... | 2 |
| 1385. | **Одлука** за давање на согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија.......... | 2 |
| 1386. | **Одлука** за префрлање на средства за реконструкција на опожарен дел на Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“ с. Ростуше....................... | 2 |
| 1387. | **Одлука** за поништување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река по јавен повик за доделување на концесии за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.......... | 3 |
| 1388. | **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за развој на спорт и млади за 2013 година........... | 3 |
| 1389. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно – истражувачките кадри ..................................... | 3 |
| 1390. | **Решение** за давање согласност на статутарна Одлука за дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес ..... | 3 |
| 1391. | **Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.... | 3 |
| 1392. | **Решение** за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Кочани ................................ | 4 |
| 1393. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа .. | 4 |
| 1394. | **Одлука** за избор на судии поротници на Апелационен суд Битола........... | 8 |
| 1395. | **Одлука** за избор на судии поротници на Основен суд Охрид.................... | 8 |
| 1396. | **Упатство** за изменување и дополнување на Упатството за доставување податоци за извршени активности во платниот промет ...................... | 10 |
| 1397. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување..... | 17 |
| 1398. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување...... | 27 |
| | **Огласен дел**...................................... | **1-84** |

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1384.**

Указ бр. 37
30 април 2013 година

Врз основа на член 84, алинеја 8 од Уставот на Република Македонија

Посмртно се одликуваат:
Ацо Ангеловски
Кирил Петрушевски
Ерол Готак
Момир Стојановски
Горан Стојановски
Јане Јакимовски
Марјан Божиновски
Илчо Стојановски
Атанас Јанев
Александар Стојчев
Оливер Китановски
Цоки Стојановски
Сашо Соколов
Бобан Трпков
Драго Маневски
Косте Волканоски
Чедо Додевски
Кире Костадиновски
Никола Пехчевски
Бошко Најдовски
Александар Серафимов
Ќоце Крстев
Ѓоко Лазаровски
Душко Синадиновски
Оливер Петрушевски
Србољуб Спасовски
Петре Кадровски
Даиљ Јанкоски
Сашко Манасков
Ацо Стојановски
Фикри Елмази
Александар Николиќ

со МЕДАЛ ЗА ХРАБРОСТ

за покажаната исклучителна храброст и самопрегор во одбраната на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија, загинати како припадници на безбедносните сили на Министерството за внатрешни работи.

Претседател,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

---

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1385.**

Врз основа на член 21 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008, 156/2010 и 59/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.4.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија бр.02-140/6 од 19.4.2013 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.41-2510/1 | Претседател на Владата |
| 20 април 2013 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

---

**1386.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.4.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕФРЛАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПОЖАРЕН ДЕЛ НА БИГОРСКИ МАНАСТИР „СВ. ЈОВАН КРСТИТЕЛ“ С. РОСТУШЕ**

Член 1

Со оваа одлука се префрлаат средства на Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“ с.Ростуше, во износ од 30.000.000,00 (триесет милиони) денари, за реконструкција и санација на опожарениот дел од Бигорски Манастир „Св. Јован Крстител“ с. Ростуше.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Министерството за култура, Раздел 18010 - Финансирање на дејностите од областа на културата, Програма 50 - Заштита на културно наследство, Потпрограма 48 - Капитални расходи, Ставка 489 - Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации.

Член 3

Манастирот „Св. Јован Крстител“, средствата од член 1 на оваа одлука, ќе ги користи за реконструкција на опожарениот дел на манастирот.

Член 4

Манастирот „Св. Јован Крстител“, за изведените работи до Министерството за култура редовно да доставува извештаи пропратени со комплетна финансиска документација за исплата.

Член 5

Се задолжува Министерството за култура, средствата од член 1 на оваа одлука да ги префрли на посебна наменска сметка на Манастирот бр. 500-000000-3835-65, депонент Стопанска банка А.Д. Битола.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.41-2790/1 | Претседател на Владата |
| 20 април 2013 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**1387.**

Врз основа на член 38 став 1 алинеја 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.4.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ЦРНА РЕКА ПО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ЦРНА РЕКА**

1. Со оваа одлука се поништува постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, објавен во Јавниот повик за доделување на концесија за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2012).

2. Постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река од точка 1 на оваа одлука се поништува со оглед дека до истекот на рокот за доставување на понуди нема ниту една пристигната понуда.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-2865/1
20 април 2013 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**1388.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011 и 64/2012) и член 41 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.4.2013 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И МЛАДИ ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Во Програмата за развој на спорт и млади за 2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2013), во делот I. Програма 4, Потпрограма 40 - Меѓународна програма, ставка 463 - Трансфер до невладини организации, во табелата во редот бр. 1 износот „14.657.000,00“, се заменува со износот „20.657.000,00“.

Во редот бр. 3 во колоната „Опис“ во редот бр. 3 по зборот „натпревари“ се додаваат зборовите: „и за организација на европски и светски првенства во највисоката младинска или сениорска конкуренција“.

Во редот „Вкупно“ износот „30.657.000,00", се заменува со износот „36.657.000,00“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-2624/1
20 април 2013 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**1389.**

Врз основа на член 57 став 1 алинеја 4 од Закон за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12 и 24/13), министерот за образование и наука, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ, СОЗДАВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ НА НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКИТЕ КАДРИ**

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно – истражувачките кадри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/12) во членот 4 во ставот 1 по зборовите: „сто рангирани универзитети,“ се додаваат зборовите: „односно еден од првите сто најдобро рангирани универзитети од соодветното научно подрачје,“.

Член 2

Во член 7 во ставот 4 по зборовите: „сто рангирани универзитети“ се става запирка и се додаваат зборовите: „односно еден од првите сто најдобро рангирани универзитети од соодветното научно подрачје,“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13-8424/1
25 април 2013 година
Скопје

Министер,
м-р **Панче Кралев**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**1390.**

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12 и 15/13), министерот за труд и социјална политика, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВЕЛЕС**

1. Се дава согласност на Статутарната Одлука за дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, број 02-573/2 донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 19.4.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија “.

10-2821/2
29 април 2013 година
Скопје

Министер,
**Спиро Ристовски**, с.р.

---

**1391.**

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија “ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12 и 15/13), министерот за труд и социјална политика, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ГРАД СКОПЈЕ**

1. Се дава согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, број 02-740/7 донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 12.4.2013 година .

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија ".

10-2833/2
26 април 2013 година
Скопје

Министер,
**Спиро Ристовски**, с.р.

---

**1392.**

Врз основа на член 99 став 4 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.79/09, 36/11, 51/11, 166/12 и 15/13), министерот за труд и социјална политика, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КОЧАНИ**

1. Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани, број 01-414/9 донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 18.4.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

10-2844/2
26 април 2013 година
Скопје

Министер,
**Спиро Ристовски**, с.р.

---

**1393.**

Врз основа на член 193 став (6) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13), министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАДЕНИ, ОБНОВЕНИ, ПРОДОЛЖЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ЛИЦЕНЦИ ЗА РАБОТА**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст (во натамошниот текст: лиценци за работа).

Член 2

(1) Регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа (во натамошниот текст: регистарот) се води во форма на книга со димензии 50 x 30 см на Образец бр. 1, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Книгата е укоричена со корица од тврда хартија во жолта боја. Книгата ја сочинуваат листови кои се нумерирани и сврзани со конец.

(3) Регистарот се заверува на внатрешната страна од задната корица.

Член 3

(1) На предната страна на корицата на книгата во левиот горен агол е отпечатен грбот на Република Македонија, под него централно поставено со црни букви: "Република Македонија" и "Министерство за труд и социјална политика". Во средината на предната страна на корицата на книгата е отпечатен текст: "РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ, ОБНОВЕНИ, ПРОДОЛЖЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ЛИЦЕНЦИ ЗА РАБОТА".

(2) Страницата на книгата содржи рубрики, во кои се впишуваат следните податоци:

1. Реден број
2. Регистарски број на лиценцата,
3. Вид на лиценца,
4. Име и презиме на носителот на лиценцата,
5. Датум на раѓање,
6. Место на живеење и општина,
7. Стручниот назив од дипломата за завршено образование,
8. Датум на издадена лиценца,
9. Датум на обновена лиценца,
10. Датум на продолжена лиценца,
11. Датум на одземена лиценца и
12. Забелешка.

Член 4

(1) Запишувањето во регистарот се врши врз основа на поднесена писмена пријава од страна на Комисијата за лиценцирање која се доставува до Министерството за труд и социјална политика најдоцна осум дена од денот на издавањето, обновувањето, продолжувањето, односно одземањето на лиценцата за работа. На ист начин се врши и запишување на настаната промена на податоците од регистарот.

(2) Пријавата од ставот (1) на овој член се поднесува на Образец бр.2, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Запишувањето во регистарот се врши со темно сино мастило.

(2) Во случај на погрешно запишување се врши исправка на тој начин што со црвено мастило преку погрешно запишаниот текст се повлекува тенка линија и над неа се внесува точен текст.

(3) Секое запишување во регистарот се потпишува од службеното лице што го води регистарот.

(4) Секоја исправка која се врши во хартиената форма на регистарот се врши без одложување, а најдоцна три часа по нејзиното запишување се спроведува и во електронската форма согласно одредбите од член 6 од овој правилник.

Член 6

(1) Регистарот се води и во електронска форма, а се зачувува и скенирана верзија на хартиената форма.

(2) Електронскиот документ се заклучува со електронски потпис на одговорното лице од Министерството за труд и социјална политика и секоја промена треба да биде потврдена со електронски потпис од одговорното лице.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-2763/1
19 април 2013 година
Скопје

Министер,
**Спиро Ристовски**, с.р.

Образец бр.1

**Република Македонија**
**Министерство за труд и социјална политика**

# РЕГИСТАР
# НА ИЗДАДЕНИ, ОБНОВЕНИ, ПРОДОЛЖЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ЛИЦЕНЦИ ЗА РАБОТА

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реден број | | | | |
| Регистарски број на лиценцата | | | | |
| Вид на лиценца | | | | |
| Име и презиме на носителот на лиценцата | | | | |
| Датум на раѓање | | | | |
| Место на живеење и општина | | | | |
| Стручниот назив од дипломата за завршено образование | | | | |
| Датум на издадена лиценца | | | | |
| Датум на обновена лиценца | | | | |
| Датум на продолжена лиценца | | | | |
| Датум на одземена лиценца | | | | |
| Забелешка | | | | |

**Образец бр. 2**

До

Министерство за труд и социјална политика

**П Р И Ј А В А**

**за запишување на издадена/обновена/продолжена/одземена лиценца за работа и за запишување на промени во Регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа**

1. Име и презиме ___________________________________________

2. Датум на раѓање ____________________

3. Адреса ___________________________________ Општина ________________
(место, улица и број)

4. Стручен назив од дипломата за завршено образование _________________________

5. Вид на лиценца:________________ Регистарски бр. на лиценцата _______________

6. Дата на издавање на лиценца за работа________________

7. Дата на обновена лиценца за работа___________________

8. Дата на продолжена лиценца за работа_________________

9. Дата на одземена лиценца за работа____________________

Претседател на комисија за лиценцирање

Дата.__.__._____год ____________________________

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1394.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.107/2005 година), член 42 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) и член 31 став 1 алинеја 4 и член 46 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006 година), Судскиот совет на Република Македонија на редовната 150-та седница одржана на ден 29.04.2013 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

За судии поротници на Апелационен суд Битола се избрани:

1. Татјана Гулабовска
2. Марија Трајчевска-Таневска
3. Маргарита Јанкуловска
4. Љупчо Митревски
5. Мирјана Христовска
6. Стојановска Дијана
7. Пецо Ивановски
8. Владимир Костандинов
9. Љубица Наумовска
10. Љупчо Илиевски
11. Младен Чешелкоски
12. Јасмина Прчевска
13. Тања Стојчевска
14. Гордана Јордева
15. Катерина Лозановска
16. Наташа Бошевска
17. Марија Гелевска
18. Димитровска Гордана
19. Ноневски Александар
20. Ана Кондоклоцис
21. Јасмина Тодоровска Тасевска
22. Владимир Славкоски
23. Миле Грујовски
24. Петра Ангеловска
25. Јасмина Милевска
26. Гордана Христовска
27. Љупчо Лазаревски
28. Томе Димитровски
29. Кристина Мишоска
30. Љупчо Доневски
31. Турунџов Ѓорѓи
32. Јосиф Стојковски
33. Маргарита Василевска
34. Атина Георгиевска
35. Јанакиева Билјана
36. Јасмина Пројковска
37. Петревски Благојче
38. Васко Христовски
39. Менка Настовска
40. Билјана Здравеска
41. Аџиовска Марина
42. Бошковска Десанка
43. Светлана Стојиќ
44. Јошевски Тома
45. Боцевска Лилјана
46. Бојана Јовановска
47. Владо Калчевски
48. Љубица Станковска
49. Пеце Божиновски
50. Михајловска Елизабета
51. Никола Тренески
52. Станојоска Славе Ангелина
53. Виолета Трајчевска
54. Благојче Јоноски
55. Мартина Капинковска
56. Лилјана Ристевска
57. Литовски Томче
58. Иван Илиевски
59. Јовановски Кристијан
60. Илија Трајковски
61. Даниела Костеска
62. Јулија Трајковска
63. Ратко Поповски
64. Горан Ѓоргиоски
65. Катерина Ристевска
66. Снежана Костова
67. Наташа Басаровска
68. Александар Божиновски
69. Благојче Гарески
70. Јулијана Радичоски
71. Илиевска Наташа
72. Владимир Миновски
73. Ристовска Ана
74. Маја Христовска
75. Александра Мицевска
76. Ристова Снежана
77. Тони Цветковски
78. Петар Мајсторовски
79. Билјана Костовска
80. Павлина Апостоловска
81. Блажевска Силвана
82. Иле Тасевски
83. Елена Алексоска
84. Димитровска Славица
85. Ивица Радески
86. Дурлова Даница
87. Благица Пармачка и
88. Маја Мажевска

Оваа одлука влегува во сила 29.4.2013 година.

Бр. 07-973/1
30 април 2013 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

---

**1395.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на РМ („Сл. весник на РМ“ бр.107/2005), член 42 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр.58/2006) и член 31 став 1 алинеја 4 и член 46 од Законот за Судски совет на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 60/2006 година), Судскиот совет на Република Македонија на редовната 150-та седница одржана на ден 29.4.2013 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ
НА ОСНОВЕН СУД ОХРИД**

За судии поротници на Основен суд Охрид се избрани:

1. АВРАМОСКА Младен СОЊА
2. АНГЕЛЕСКИ Трајко АНГЕЛ
3. АНГЕЛОСКА Ристо РАЗМЕНКА
4. АСОСКА Ивзијан СЕНИТА
5. БАРАКОСКА Илија ЉУБИЦА
6. БИТОЛКОСКИ Науме ТОНИ
7. БЛАЖЕВСКИ Ѓорѓи ЈОВАН
8. БОЖИНОСКА Паско МАРИЈАНА
9. БРЗЕВА Екрем ТУРКАН
10. БУЦАКОСКА Стефан КАРОЛИНА
11. ВАСИЛЕСКА Драган ИВАНА
12. ВЕЉАНОВСКА Венчо КРИСТИНА
13. ВЕЉАНОВСКА Ставре ЛИЛИ
14. ВЕЉАНОСКА Ристо БЛАГИЦА
15. ВЕЉАНОСКА ПАВЛЕСКА Сандре ЈАСМИНА
16. ВЕЉАНОСКИ Ацо НИКОЛА
17. ВЕЉАНОСКИ Владимир ЉУПЧО
18. ВОЈНЕСКА АЛЕКСОВСКА Славољуб САШКА
19. ГОЛАБОСКА Томислав ЛЕНЧЕ
20. ДИМОСКИ Силјан ЉУПЧО
21. ДОЛОСКА Ѓорѓија ЕЛЕНА
22. ДОВЛЕВ Димитри ТОМЧО
23. ДОМАЗЕТОСКИ Анѓелко РАЈКО
24. ДУКЛЕСКИ Благоја ЈОРДАН
25. ЈАНЕВА Спасе БЛАГОРОДНА
26. ЈОВАНОСКА Неделко СИЛВАНА
27. ЈОВАНОСКА Драге МИМОЗА
28. ЈОВЧЕСКИ Виктор ДЕЈАН
29. ЈОРДАНОСКИ Иван НИКОЛА
30. КИТАНОВИЌ Александар ВИОЛЕТА
31. КОВАНДА Звонимир ЕМА
32. КОРУНОСКИ Петар МИТКО
33. КОСТЕВСКА Алексо НАТАША
34. КОСТЕСКА Љупчо МАЈА
35. КОСТОСКИ Ангеле ДАНИЕЛ
36. КОТЕСКИ Стојче АЛЕКСАНДАР
37. КРСТЕВА Војне ЈУЛИЈА
38. КУЗМАНОСКА Петре ГОРДАНА
39. ЛАЗАРЕВСКА Никола ГАБРИЕЛА
40. ЛАЗАРЕСКИ Коста ИГОР
41. ЛАЗОРОСКИ Андреја СПАСЕ
42. ЛАМАНОСКА Ацо ЕЛЕНА
43. ЛЕКОСКА Илија МЕНКА
44. ЛОЖАНКОСКИ Ново СТОЈЧЕ
45. ЛОЗАНОСКИ БОРКА ИГОР
46. ЛОКОСКА Владо НАДИЦА
47. ЛОЛЕСКА Борис ДОНКА
48. МАЛЕСКИ Миле ЃОКО
49. МАНЕВСКИ Слободан ДЕЈАН
50. МАНОЛОВСКА Илија СНЕЖАНА
51. МАРКОСКА Димитрија ВЕРА
52. МАРКУЛЕСКИ Јонче ВАСКО
53. МИТРЕСКА Панте МИТАНА
54. МИТРЕВСКА Владимир ВЕСНА
55. МИХАЈЛОВИЌ КАНЕВЧЕ Добривоје ДАНИЕЛА
56. МОМИРОВСКА Илија ПАЦЕ
57. МУЈОВСКА Рајко ИВАНКА
58. МУРГОСКИ Кирил БРАНКО
59. НАУМОСКА Ѓорѓи БИЉАНА
60. НАУМОСКА Идрис МЕЛИНА
61. НАЧОВСКА Крсто ЕЛИЗАБЕТА
62. НЕДЕСКИ Јонче НИКОЛА
63. НИКОЛОВСКИ Ристо ДИМИТАР
64. НИКОЛОСКА Златан ИВА
65. ОЦЕВА ЧИНГОСКА Борис ДИАНА
66. ПАВЛЕСКИ Димитри ДАРКО
67. ПАНДЕСКА Постол СУЗАНА
68. ПЕТАН Арсе СНЕЖАНА
69. ПЕТАНОСКА ГОЛАБОСКА Методи ДРАГИЦА
70. ПЕТКОСКА Трајче ЛИДИЈА
71. ПЕТРОВСКА Благоја МАРИЈА
72. ПЕТРОСКА Александар АЛЕКСАНДРА
73. ПЕТРОСКИ Сребре НИКОЛА
74. ПЛЕВНАРОВСКА Живко АНА
75. ПЛЕВНАРОСКА Ангеле АНКИЦА
76. ПОПОВСКИ Здравко НАУМЧЕ
77. ПОПОСКИ Јован ИВАН
78. РАЗМОСКА Стефан ДАНИЕЛА
79. РИБАРОСКИ Милчо ЉУПЧО
80. РИСТЕВСКИ Митко ЕМИЛ
81. РИСТЕСКА Тоде ЗОРА
82. РИСТЕСКА Тоде МЕНИЈЕЛА
83. РИСТОСКА Миливој ЖАКЛИНА
84. СИДОРОВА Голаб ВЕНЕРА
85. СИМОНОВСКА Божин ФЛОРЕНТИНА
86. СИМОНОВСКИ Миле ДАРКО
87. СПАСЕСКИ Климе ДИМИТРИ
88. СПИРОСКА Вангел ТАЊА
89. СТЕРЈОВСКА Алексо КРИСТИНА
90. СТОЈАНОВА Ванчо КАТЕРИНА
91. СТОЈАНОСКИ Кирјан ДИМЧЕ
92. СТОЈКОСКА Пејко МАЈА
93. СТОЈЧЕСКИ Стојче ЖАН
94. СУКЛОСКА Перо ВЕСНА
95. СУКЛОСКИ Димитрија ВЛАДИМИР
96. СУКЛОСКИ Божин ЉУБЕ
97. СУЛЕЈМАН Нери ЕСРА
98. ТАСЕСКА Ристе МИЛЕНА
99. ТОДОРОСКА Димитрија ЗАРИНКА
100. ТОДОРОСКА Раде ЛИЛЈАНА
101. ТРАЈАНОСКА Боро СНЕЖАНА
102. ТРАЈАНОСКИ Ристе НИКОЛА
103. ТРАЈКОВСКИ Цане АЛЕКСАНДАР
104. ТРЕНКОВСКА Благоја ЖАКЛИНА
105. ТУЛЕСКИ Никола КЛИМЕНТ
106. ТУНТЕВА Ристе ТАТЈАНА
107. ЦВЕТКОСКА Димитрија ВИОЛЕТА
108. ЦВЕТКОСКА Љубомир ЕЛИЗАБЕТА
109. ЦИКУРОСКА Јонче РОЗИТА
110. ЧАЛДРМОСКИ БУБЕСКА Ламбе ЈОВАНКА
111. ЧИНГОСКИ Миле АЦО
112. ЧОВИЌ Вукојца СНЕЖАНА
113. ЧУЛЧЕСКА Љупчо КЕТИ
114. ШАЛКОСКИ Владо ЛАМБЕ
115. ШАПКАРОСКИ Ангеле ВЛАДО
116. ШИБАКОСКА Ристо АЛЕКСАНДРА.

Оваа одлука влегува во сила 29.4.2013 година.

Бр. 07-975/1
30 април 2013 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Александра Зафировска,** с.р.

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1396.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10 и 123/12) и точка 5 од Одлуката за доставување на податоци за извршените активности во платниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр. 146/07 и 50/13), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

### У П А Т С Т В О
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

1. Во Упатството за доставување податоци за извршените активности во платниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр. 159/07 и 97/08), во точка 2, по зборовите: „со плаќања" се додаваат зборовите: „и посредниците при микроплаќање".

2. Во главата I точка 3, по зборовите: „Република Македонија" се става запирка и се додаваат зборовите: „за трансакции коишто се однесуваат на микроплаќањата".

Во потточката 3.2.1., во образецот ПС-02, по редот: „Други налози преку ПЦ или друг терминал", се додава нов ред којшто гласи:

„

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Други налози - преку мобилен телефон | | | | | | | | |

Во предвидените колони од редот „Други налози - преку мобилен телефон", известувачот ги внесува трансакциите коишто физичките и правните лица ги имаат остварено преку мобилен телефон."

Во потточката 3.3.2., во образецот ПС-09, зборовите: „4. Промет по АТМ-и кои ги сервисира известувачот" се заменуваат со зборовите: „4. Промет преку АТМ коишто ги сервисира известувачот (повлекување готовина од АТМ)", а по редот 4.3. се додаваат нови редови: 5, 5.1., 5.2., и 5.3 коишто гласат:

„

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. Промет преку АТМ коишто ги сервисира известувачот (депонирање готовина на АТМ) | | | | |
| Од кои: | | | | |
| 5.1. на сопствени АТМ | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.2. на изнајмени АТМ | | | | |
| 5.3. преку други уреди | | | | |

"

3. По потточката 3.3., се додава нова потточка 3.4. којашто гласи:

**„3.4. Уреди коишто се користат за вршење и прифаќање на плаќање на производи и услуги преку посредници при микроплаќање**

Потребно е да се пополнат следниве видови обрасци:

**„3.4.1 Општи податоци за уреди коишто се користат за вршење и прифаќање на микроплаќање**

**Образец ПС-10**

| | |
|---|---|
| **Број на известувачот:** | |
| **Месец за кој се известува:** | |
| **Вид на податокот** | **податок** |
| 1 | 2 |
| 1. Вкупен број на уреди за вршење на плаќања од страна на корисниците на микроплаќање | |
| Од кои: | |
| 1.1. мобилен телефон | |
| 1.1.1 сопственост на физички лица | |
| 1.1.2 сопственост на правни лица | |
| 1.2. други уреди | |
| 2. Вкупен број на уреди за вршење на плаќања од страна на корисниците на микроплаќање коишто се најмалку еднаш употребени | |
| Од кои: | |
| 2.1 мобилен телефон | |
| 2.1.1 сопственост на физички лица | |
| 2.1.2 сопственост на правни лица | |
| 2.2 други уреди | |
| 3. Вкупен број на добавувачи на производи и услуги во земјава коишто се клиенти на известувачот и прифаќаат плаќања од корисниците на микроплаќање | |
| 4. Вкупен број на продажни места во земјава на кои се прифаќаат плаќањата од корисниците на микроплаќање | |
| 5. Вкупен број на уреди инсталирани на продажни места за прифаќање на плаќања од страна на корисниците на микроплаќање | |

Датум на доставување

______________

Составил:

Име и презиме ______________

Потпис ______________________

Во образецот ПС-10, во колоната 2 се внесува соодветниот податок за видот на податокот опишан во колоната 1, на крајот од месецот за кој се известува.

Податоците во образецот ПС-10 ги пријавува известувачот - посредник при микроплаќање".

## „3.4.2 Промет преку уреди за вршење и прифаќање на микроплаќање

**Образец ПС-11**

| **Број на известувачот:** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Месец за кој се известува:** | | | | |
| **Вид на податок** | **Број на остварени трансакции** | | **Вредност на остварените трансакции** | |
| | **Физички лица** | **Правни лица** | **Физички лица** | **Правни лица** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. Промет преку уреди за вршење на плаќања од страна на корисниците на микроплаќање[1] | | | | |
| Од кои: | | | | |
| 1.1. мобилен телефон | | | | |
| 1.2. други уреди | | | | |
| 2. Промет преку уреди за прифаќање на плаќања од страна на корисниците на микроплаќање | | | | |
| 2.1 ПОС-терминали | | | | |
| 2.2 други уреди | | | | |

Датум на доставување

______________

Составил:

Име и презиме ______________

Потпис ______________________

Во образецот ПС-11, во одделните колони се внесуваат следниве податоци:

- Во колоната 2 - бројот на остварените трансакции на физичките лица за соодветниот вид на податок наведен во колоната 1;
- Во колоната 3 - бројот на остварените трансакции на правните лица за соодветниот вид на податок наведен во колоната 1;
- Во колоната 4 - вредноста на остварените трансакции на физичките лица за соодветниот вид на податок наведен во колоната 1;
- Во колоната 5 - вредноста на остварени трансакции на правните лица за соодветниот вид на податок наведен во колоната 1.

[1] Податоците коишто се внесуваат во образецот ПС-11 не ги вклучуваат плаќањата на административни и судски такси преку мобилните оператори и плаќањата во поединечен износ до 300 денари.

Податоците во образецот ПС-11 ги пријавува известувачот - посредник при микроплаќање.

Во образецот ПС-11, во случај кога не постојат остварени трансакции на физички и правни лица кај известувачот, во соодветната колона наменета за тој податок се внесува вредност нула. Во истиот образец се внесуваат податоци за бројот и вредноста на трансакциите остварени во месецот за кој се известува.

Во обрасците ПС-10 и ПС-11, во соодветните места задолжително се пополнуваат следниве заеднички елементи: број на известувачот, месец за кој се известува, датум на доставување, име и презиме и потпис."

4. Во главата II, став 3 се менува и гласи:

„Директно задолжување е авторизирано задолжување на сметката на плаќачот иницирано од страна на примачот.

Вообичаено, директното задолжување е претходно авторизирано, односно плаќачот дава согласност за платната трансакција, пред таа да биде иницирана.

Поимот директно задолжување ги вклучува сите плаќања коишто се иницирани со налогот за плаќање, односно со традиционалниот платен инструмент и ги опфаќа:

а) сите платни трансакции коишто се извршуваат помеѓу две сметки отворени во различни банки и коишто се извршуваат со помош на посредник, односно кога плаќањата се испраќаат во друга банка или платен систем.

б) сите платни трансакции коишто се извршуваат помеѓу две сметки отворени во иста банка, каде што трансакциите се извршуваат или на сметките во самата банка, или со помош на посредник (друга банка или платен систем).

Задолжувањето на сметката на клиентот без употреба на традиционален платен инструмент за директно задолжување (на пр. банкарски трошоци за водење сметка) не се вклучува во оваа категорија.

Плаќањата извршени со директно задолжување се бројат и се прикажуваат од страната на примачот.

Задолжувањето на сметката на плаќачот, во согласност со иницираниот налог за наплата на примачот, може да биде еднократното и повеќекратното директно задолжување и тоа се вклучува во овој поим. Во случај на повеќекратно директно задолжување, секое индивидуално плаќање се смета за трансакција. Директните задолжувања коишто се користат за исплата на обврските што произлегуваат од вршењето на плаќањата со платежните картички со кредитна функција, исто така, се вклучуваат како посебни плаќања упатени од имателот на платежната картичка кон издавачот на платежната картичка. Директните задолжувања коишто произлегуваат од секоја поединечна трансакција со платежната картичка не се прикажуваат, со цел да се избегне нивното двојно броење.

Готовинските исплати од сметка кај кои се користи определена банкарска форма не се вклучуваат во директното задолжување."

По став 9, се додаваат три нови ставови 10, 11 и 12 коишто гласат:

„**Микроплаќање** е плаќање на производи и услуги во поединечен износ не поголем од 1.000 денари, при што согласноста да се изврши плаќањето се дава преку средствата за телекомуникација, дигиталните или информациско-технолошките уреди.

**Посредник при микроплаќање** е телекомуникациски или мрежен оператор или оператор на информациско-технолошки системи преку кој се вршат микроплаќањата и којшто ги исполнува условите пропишани со закон.

**Корисник на микроплаќање** е физичко или правно лице кое има склучено договор за микроплаќање со посредник при микроплаќање, а доколку правното лице има склучено договори за микроплаќање во име на повеќе физички лица, под корисник на микроплаќање се подразбира секое физичко лице поединечно, односно секоја претплатничка линија поединечно."

5. Во главата III, зборовите „носителите на платниот промет" се заменуваат со зборот: „известувачите".

6.Во Прилогот 1 се вршат следниве изменувања и дополнувања:

Во потточката 1.2.1., во образецот ПС-02 по редот: „ППД-2 Други налози преку ПЦ или друг терминал" се додава нов ред којшто гласи:

"

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПС02 | ППД-М Други налози - преку мобилен телефон | | | | | | | | | | |

"

Во потточката 1.3.2., во образецот ПС-09 зборовите: „41 Промет по АТМ-и кои ги сервисира банката" се заменуваат со зборовите: „41 Промет преку АТМ коишто ги сервисира известувачот (повлекување готовина од АТМ)".

Зборовите: „42 Промет по АТМ-и кои ги сервисира банката" се заменуваат со зборовите: „42 Промет преку АТМ коишто ги сервисира известувачот (повлекување готовина од АТМ)".

По редот: „42 Промет по АТМ-и кои ги сервисира известувачот (повлекување готовина од АТМ-и) на изнајмени АТМи", се додаваат 4 (четири) нови реда коишто гласат:

„

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПС09 | 43 Промет преку АТМ коишто ги сервисира известувачот (повлекување готовина од АТМ) преку други уреди | | | | | | |
| ПС09 | 51 Промет преку АТМ коишто ги сервисира известувачот (депонирање готовина на АТМ) на сопствени АТМ | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
